РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС**
Бр. 0205-126/9-4
19.03.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 137 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), врз основа на член 116 од Статутот на БАС, како и врз основа на член 56 и 57 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС, на вонредната 147 седница одржана на 19.03.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за прифаќање на извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд и определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за специјалистички труд (дел.бр. 0302-40/112 од 18.03.2019 година) на студентот **Билјана Георгиевска**, со досие бр.2067 и наслов на трудот **„Значењето на веригата на набавки во подобрувањето на работата на транспортните карго компании"**, доставен од страна на Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд во состав: проф. д-р Тони Соклевски – ментор, проф. д-р Лидија Стефановска – претседател на комисијата и пред. м-р Иван Ѓорѓиевски – трет член на комисијата.

**Член 2**

За датум на одбраната на специјалистичкиот труд се определува 01.04.2019 година (понеделник) со почеток во 12:00 часот во БАС во Битола.

**Член 3**

Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд да се достави на студентот, членовите на комисијата и да се објави на интернет страницата и на огласните табли на БАС.

**Член 4**

Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
Самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
СКОПЈЕ